Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-2385/1 од 10.07.2026 година, од непознат подносител против директорот на ОЈУДГ "----" – ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметот, поради нејасни наводи во пријавата за конкретен случај и за конкретни лица. ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации поради тоа што пријавата е поднесена од непознат подносител (анонимна пријава).

Предметот со бр. 12-2385/1 од 10.07.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 10.07.2026 година, поднесена е пријава против директорот на ОЈУДГ "----" – ----, и оформен е предмет бр. 12-2385/1 од 10.07.2026 година.
Во пријавата се наведува дека две инвертер клими од 3,5 kW, доделени преку државна програма за ранливи категории на членови на семејството на Директорот на ОЈУДГ "----" – ----, не биле поставени на адресата за која биле

одобрени. Во пријавата се наведува дека инвертер клими се поставени во просториите на градинката.

ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметот од причина што во пријавата не се содржани конкретни и јасни наводи за каков вид на државна помош се работи, ниту пак се посочени конкретни лица од семејството на Директорот на градинката кои им се доделени инвертер климите.
Дополнително, ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З. Член на ДКСК